РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Бр. 03-3570/1

Скопје 01/10.2021г.

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**Предмет: Дневен извештај**

Почитувани,

Согласно обврските од членот 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот за соработка, склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **30 септември 2021** година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на проектот ЈУФРЕКС2 „Слобода на изразување и слобода на медиумите во РС Македонија", спроведуван заеднички од Европската Унија и Советот на Европа, организираше онлајн конференција насловена "Медиуми и избори".

Конференцијата беше поделена во две панел сесии на теми поврзани со изборите. Првата панел сесија беше посветена на „Ефектот на дезинформациите врз изборите и напорите за професионално известување", во чии рамки се говореше за влијанието на дезинформациите врз резултатите од изборите, важноста на медиумите за демократскиот изборен процес, за професионалното новинарство во новото медиумско опкружување, како и за улогата на медиумската писменост во борбата против дезинформациите. Втората панел сесија се однесуваше на „Известувањето за изборниот процес за лицата со попреченост" на која стана збор за актуелните европски и светски стандарди и нивната примена, сознанијата од мониторингот на медиумското известување за лицата со попреченост за време на изборите во РСМ во 2020 година, како и за ставовите и перцепцијата за медиумското известување од аспект на лицата со попреченост.

На двете сесии, со свои излагања учествуваа меѓународни експертки на Советот на Европа, домашни експерти, претставници на професионални здруженија, невладини организации, здруженија на граѓани, институции и медиуми.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele СКОПЈЕ / SHKUP